# Политика на приватност

Верзија: 1.1
Датум: 09.11.2022

**КИБС АД Скопје**

© 2021 КИБС АД Скопје, сите права задржани

https://www.kibs.mk/

## Содржина

1. Вовед .... 3
2. Контролор на збирки на лични податоци .... 3
3. Согласност .... 3
4. Интернет колачиња .... 3
5. Информациите кои ги прибираме за вас .... 3
6. Начинот на кои ги користиме вашите податоци .... 4
7. Категории на податоци кои се обработуваат .... 4
8. Како ги собираме личните податоци .... 5
9. Корисници на лични податоци .... 5
10. Време на чување на собраните податоци .... 6
11. Права на субјектите за заштита на лични податоци .... 6
12. Контакт информации .... 6
13. Завршен дел .... 6

Овој документ е во сопственост на КИБС АД Скопје и може да содржи доверливи или привилегирани информации. Секоја дистрибуција на документов на трети лица или правни субјекти кои не се специфицирани во документов како и било какви копирања и препраќања, модификации, употреба на информациите за други намени се забранети

## 1. Вовед

Оваа Политика дава општи информации за обработката на лични податоци како и за типовите информации што се собираат и снимаат кога ги посетувате нашите интернет-страни и/или користите некоја од нашите услуги преку истите. Ги собираме само оние лични податоци кои се неопходни да ги оствариме нашите законски задачи и овластувања.

Ако имате дополнителни прашања или барате повеќе информации за нашата Политика за приватност, не двоумете се да не контактирате.

## 2. Контролор на збирки на лични податоци

Контролор на личните податоци е КИБС, со седиште на бул. Кузман Јосифовски бр.1, Скопје, Република Северна Македонија.

КИБС е оператор на платен систем за мали меѓу-банкарски плаќања и квалификуван давател на доверливи услуги. Платниот систем го сочинуваат КИБС и носителите на платен промет во Република Македонија кои работат согласно Закон за платниот промет. Услугите како квалификуван давател на доверливи услуги ги вршиме во согласност со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. Покрај овие услуги вршиме испорака и на платежни услуги и други ИКТ услуги на договорни страни.

КИБС како друштво во сопственост на банките, врз основа на посебен Закон за кредитно биро го има основано кредитното биро во Македонија МКБ каде што има улога на обработувач на личните податоци.

## 3. Согласност

Со користење на нашата интернет-страна ја давате согласноста на нашата Политика за приватност и сте согласни со условите наведени во истата. Доколку не се согласувате, не продолжувајте да ја користете нашата интернет-страна.

## 4. Интернет колачиња

На интернет-страните на КИБС објавен е документ под наслов Политика за користење на интернет колачиња и при пристап до интернет страница вие давате/одрекувате согласност за користењето на типот на колачиња.

Интернет колачињата се мали текстуални фајлови кои се снимаат на компјутерот на корисникот заради следење и/или подобрување на перцепцијата на корисникот за интернет-страните кои ги посетува, а се во сопственост на КИБС.

## 5. Информациите кои ги прибираме за вас

Личните информации кои ќе бидат побарани од вас и причините поради кои се бараат ќе бидат јасно истакнати во момент на нивно барање.

Ако контактирате директно со нас, може да добиеме дополнителни информации за вас, како што се вашето име, адреса за е-пошта, телефонски број, содржината на пораката и/или прилозите што може да ни ги испратите и сите други информации што можете да одберете да ги дадете.

Можеме да собираме податоци поврзани со следниве категории на лица:

- Посетители на нашите интернет страни. Вообичаено собираме податоци за навигација (веб колачиња) кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашите интернет страни како и за одржување на информациска сигурност на нашите интернет страни. Повеќе за употребата на колачиња може да прочитате во нашите политики за користење на веб колачиња објавени на веб страниците наведени погоре.
- Физички и правни лица кои како учесници во платниот промет вршат плаќања во денари преку носителите на платниот промет. За личните податоците кои се обработуваат во платниот систем на мали меѓу-банкарски плаќања, согласно Законот за платен промет, се применуваат технички и организациски мерки за заштита на податоците.
- Баратели и други физички лица во врска со поднесување на барања во врска со платежни услуги и другите ИКТ услуги. Овие барања/иницијативи содржат информации за идентитетот на подносителот на барањето и лични податоци на други лица вклучени во барањето кои се потребни за постапување согласно нашите овластувања и се усогласени со Законот за заштита на личните податоци.
- Баратели и други физички лица кои врз основа на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги поднесуваат барања за користење на услугите на КИБС како квалификуван давател на доверливи услуги. Овие барања/иницијативи содржат информации за идентитетот на подносителот на барањето и лични податоци на други лица вклучени во барањето кои се потребни за постапување согласно нашите јавни овластувања наведени во Законот кој е усогласен со Законот за заштита на личните податоци.
- Лица кои бараат пристап до информации кои се чуваат за нив врз основа на Законот за заштита на лични податоци. За да се обработат барањата за пристап до информации од подносителите се бара да достават одредени податоци, врз основа на соодветен образец (линк) за пристап до информациите.
- Учесници на обуки и/или настани кои ги организира КИБС за деловните партнери се собираат лични податоци за цели на спроведување на тие обуки и/или настани како и лични податоци на кандидати за вработување и/или ангажирање.

## 6. Начинот на кои ги користиме вашите податоци

Ги користиме информациите кои ги прибираме на различни начини, вклучително за:

- Обезбедување, работење и одржување на нашите интернет-страни;
- Подобрување, персонализирање и проширување на нашите интернет-страни;
- Разбирање и анализа како ја користите нашите интернет-страни;
- Развој на нови производи, услуги и функционалности;
- За комуникација со вас, директно или преку нашите деловни партнери, вклучително и корисничка поддршка, со цел да ви се обезбеди ажурна информација во врска со интернет-страните, како и за цели на маркетинг и промоција;
- Испраќање електронска пошта;
- Пронаоѓање и превенција на измама;

## 7. Категории на податоци кои се обработуваат

При посетата на нашите интернет-страни, серверите, за секој посетител креираат записи со следниве податоци:

- Интернет протокол (IP) адреса;
- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Оперативниот систем;
- Видот на пребарувачот, плагини и верзија;
- Страните кои ги посетувате на нашите интернет-страни и времето кое го минувате на секоја страна;
- URL на страната која префрлила на нашите интернет-страни и во некои случаи, термините кои сте ги користеле во обидот да ги најдете страниците на КИБС;
- Јазикот на пребарувачот кој го користите;
- Датум и временски печат;
- Држава (се одредува преку IP адресата).

Целта на информацијата е анализа на трендовите, администрирање на страниците, следење на движењето на корисниците на интернет страниците и собирање статистички информации.

Серверските логови автоматски се бришат во рок од 30 дена, освен доколку околностите налагаат подолго задржување, на пример, за да се истражи вирус или злонамерен напад.

Самостојно ги одржуваме серверите и сите активности на интернет-страните ги спроведуваме интерно, вклучувајќи ги системските записи кои се креираат и анализирањето на податоците кои се пренесуваат од посетите на нашите интернет-страни.

Лични податоци кои ги прибираме од вашата посета на нашите интернет-страни, се оние кои вие доброволно ги доставувате за конкретни цели, како би ни овозможиле да ги оствариме нашите овластувања за консултација, испорака на услиги, корективни мерки, советодавни овластувања, како што се поставување на прашања и/или мислења за различни прашања за услугите на КИБС, обезбедување на повратни информации, пријавување на инциденти и/или злоупотреба на лични податоци, или барање на било која друга услуга од КИБС.

Може да собереме некој од следниве категории на лични податоци: име и презиме, адреса, контакт телефон, email и елетронски потпис. Во нашите годишни извештаи вообичаено се наведуваат статистички податоци за бројот на барањата и/или иницијативите кои пристигнале, во форма која не открива нечиј идентитет.

## 8. Како  ги собираме личните податоци

Личните податоци ги собираме преку различни канали, вклучувајќи:

- преку вашето користење на нашите интернет-страни, вклучувајќи ги овде и формите за аплицирање;
- преку нашите email адреси објавени на Контакт страницата на сајтот;
- преку пошта;
- усмено.

## 9. Корисници на лични податоци

Активностите на обработка на лични податоци поврзани со далечинските услугите достапни преку интернет-страните на КИБС, се извршуваат од страна на вработените одговорни за овие услуги или лицата задолжени за извршување на предметните активности.

Не споделуваме податоци за вас и/или за вашата посета на нашата интернет страна, на трети лица, освен во следните случаи:

- Во случај на ангажирање на даватели на услуги ако КИБС ги ангажира како обработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на КИБС и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги согласно договорите кои ќе ги потпишат.
- По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само ако постои законски основ за тоа.

## 10. Време на чување на собраните податоци

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката а се утврдени во интерните документи, Листата, Планот за архивски знаци со рокови за чување.

## 11. Права на субјектите за заштита на лични податоци

КИБС се труди да обезбеди дека сте целосно свесни за вашите права по однос на заштитата на Вашите лични податоци. Вие ги имате следните права:

Право на пристап до вашите лични податоци – имате право да побарате копии од вашите лични податоци.

Право на исправка – имате право да побарате исправка на информации кои сметате дека се неточни. Имате право и да побарате да ги надополниме информациите кои сметате дека се некомплетни.

Право на бришење – имате право да побарате бришење на вашите податоци, под одредени услови.

Право на ограничување на обработка – имате право да побарате да ја ограничиме обработката на вашите податоци, под одредени услови.

Право на приговор на обработка – имате право на приговор на нашата обработка на вашите лични податоци, под одредени услови.

Право на пренос на податоци – имате право да побарате од нас да ги пренесеме податоците кои сме ги прибрале за вас во друга организација или директно кај вас, под одредени услови.

Доколку поднесете барање, 4-11.21-06 Барање за пристап или исправка на лични податоци, ние мора да одговориме во рок од еден месец. Доколку сакате да ги искористите горенаведените права ве молиме контактирајте не преку подоле објавените контакт информации.

## 12. Контакт информации

КИБС има назначено службеник за заштита на лични податоци (офицер) што можете да го контактирате на email адреса ozlp@kibs.mk и на телефон +389 (0)2 3297 460 или преку нашата поштенска адреса.

## 13. Завршен дел

Оваа Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности.

Со донесување и објавување на овој документ престанува да важи неговата претходна верзија.